Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 148, став 1), точка в) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 10.09.2018 година го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

## I

**ПРЕСТАНУВА ДА ВАЖИ ПО СИЛА НА ЗАКОН** одобрението за користење на радиофреквенции во копнено мобилна служба со евидентен број **102959** со важност од 20.07.2007 до 19.07.2027 година издадено од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот **Здружение на такси возачи МИЛЕНИУМ Прилеп**, со адреса **ул. Александар Македонски бр.124 Прилеп** поради тоа што имателот на одобрението е во постапка на стечај.

## II

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## III

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации му издаде одобрение за користење на радиофреквенции во копнено мобилна служба со евидентен број **102959** со важност од 20.07.2007 до 19.07.2027 година на корисникот Здружение на такси возачи МИЛЕНИУМ Прилеп, ул.Александар Македонски бр.124 Прилеп.

Поради тоа што имателот на одобрението е во постапка на стечај, согласно член 24 став 1 алинеа 5, а во врска со член 148 став 1 точка в) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации по службена должност, донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: УП1 бр.0802-762
Скопје, 11-09-2018

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите
- Сектор за финансии и сметководство

Дигитално потпишан
од Igor Bojadjiev
Agencija za elektronski komunikacii